# Премногу зборење во Рабка

подготвено од Стефан Вукојевиќ, Јована Берибака, Божана Скориќ, Живиле Навикење, Михаило Савковиќ, Рандис Исмаилај | 14/09/2014



**24 луѓе од 8 различни земји дојдоа во Рабка-Здрој за тренинг курс наречен Комуник8 како дел од Еразмус+ програм.** Тие доаѓаат од Албанија, Босна и Херцеговина, Литванија, Република Македонија, Србија, Словачка, Словенија и секако Полска. Тренингот започна на 10ти септември и ќе трае до 17ти септември.

Тренинг курсот беше организиран од полската **НВО СМИТ “КРЕАТОР“** . Главна цел на курсот е да се фокусира на различни аспекти на комуницирање и да ја покаже важноста за идно вработување и младинска работа, почнувајќи од наједноставната човечка комуникација и нејзините варијации како вербална и невербална, комуникација со помош на компјутер, преку социјална и маркетинг комуникација па се до интеркултурна комуникација. Курсот исто така им помага на учесниците да сфатат колку е важна комуникацијата за да се остварат позитивни резултати од проектот. Тренерите користат неформално учење за да им покажат на учесниците колку е важен дијалогот на секое ниво од нивниот живот, почнувајќи со нивните најблиски луѓе,но исто така за време на интервју за работа и неформални средби, проект менаџмент како и имплементирање на на интеркултура на Европско ниво.



# Премногу зборење во Рабка



Ана Пиечантковска (лево) и Ага Кусек (десно) , основачи на СМИТ “КРЕАТОР“ и тренери на тренинг курсот

**Денес, сите учесници учеа за дисеминација и експолатација на резултатите (ДЕОР/DEOR).** Работејќи во групи, тие мораа да го направат тренингот повеќе видлив на различен начин. Секој го правеше најдобро за да ја исполнат нивната задача. Ние пробавме да прашаме некои од нив да одговорат на нашите прашања, но тие рекоа дека се премногу зафатени. Можевме да видиме дека работеа и беа посветени. Утре, учесниците ќе започнат да прават упатство за сите видови комуникација кое ќе биде корисен прирачник за сите заинтересирани во оваа тема.

## Го прашавме

претседателот на СМИТ “КРЕАТОР“ , Ана Пиечантковска неколку прашања за курсто.

**Дали си задоволна од тренинг курсот?**

Anna Pieczatkowska: *Ова е нашиот 5ти проект и секој од нив е посебен. Ага (Кусек, заменик претседател на СМИТ “КРЕАТОР“) и јас го обожаваме тимскиот дух. Посакуваме да го имаме во секој проект !*

**Која од активностите од проектов беше најуспешна?**

Anna Pieczatkowska: *Ние веруваме дека секоја активност од проектот е како дел од сложувалка и само ако ги ставиме заедно ние ќе можеме да го евалуираме проектот. Секако, со оваа група луѓе, немам дилема дека овој проект ќе има голем успех. Нема да биде постигнато без групна вклученост и нивната позитивна енергија.*

**Што научивте од овој проект?**

Anna Pieczatkowska: *Секој проект не учи нас по нешто и ни помага да ја подобриме нашата работа во организацијата. Ние научивме дека секоја група е тотално различна. Прекрасно е како енергијата може да те промени.*

**Кои методи на неформално учење ги користевте за време на тренинг курсот?**

Anna Pieczatkowska: *Ние користиме различни методи на неформално учење како играње улоги, дискусии и отворени дискусии, групи за евалуација, игри за симулирање, брејнсторминг, ајс-брејкер, енерџајзери и многу други !*

**Што би промениле доколку го почнете проектот од почеток?**

Anna Pieczatkowska: *Се е супер! Не би менувале ништо!*

SMIT CREATOR

Erasmus+

This project has been funded with support from the European Commission. This publication [communication] reflects the views only of the author, and the Commission cannot be held responsible for any use which may be made of the information contained therein.